Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 103а, 3 јуни 2013 година

јуни 2013 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научна област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНА ОБЛАСТ АРХИТЕКТУРА, УРБАНИЗАМ И ПЛАНИРАЊЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип по предлог на Деканатот, донесе Одлука број 2202-77/3 од 19.3.2013 год. за распишување на Конкурс за избор на ***асистент*** за научната област *архитектура, урбанизам и планирање* на Факултетот за природни и технички науки во Штип, објавен на 25.12.2012 во весниците „Дневник“ и „Лајм“.

На 19.3.2013 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2202-77/3 и Решение број 2202-77/14 за претседател, 2202-77/13 член и 2202-77/12 член, за формирање на Рецензентска комисија за избор на *асистент* за научната област *Архитектура, урбанизам и планирање* на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип во следниот состав:

- д-р Катерина Деспот, доцент за наставно-научна област архитектура, урбанизам и планирање, вработена на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, претседател;
- д-р Васка Сандева, доцент за наставно-научна област Градежништво и водостопанство, вработена на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, член;
- д-р Петар Намичев, доцент за наставно-научна област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, член.

## И З В Е Ш Т А Ј

Според елементарните податоци за пријавените кандидати, а имајќи ги предвид чл. 129 и 130 од Законот за високото образование, Комисијата заклучи дека кандидатката м-р Зорица Илија Спасова нема доставено комплетна документација согласно со Конкурсот (Оглас бр.616663). Поради тоа, м-р Зорица Илија Спасова нема да биде евалуирана, а во продолжение на овој реферат ќе се осврнеме, пошироко, само на кандидатот кој ги исполнува елементарните услови за избор во соработничко звање, секако врз основа на податоците од пристигнатите пријави.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Ана Митаноска** е родена на 3 декември 1976 година во Скопје. Своето основно и средно образование го завршува во Скопје. Своето додипломско образование го оформува во периодот од 1995 до 2001 година на Техничкиот факултет во Битола, Сообраќаен отсек, каде што се стекнува со титула сообраќаен инженер. Во тој период е учесник на интернационални летни пракси (Анкара, Турција) и волонтер во Министерството за транспорт и врски на Р. Македонија. Своето образование го продолжува во 2002 година на Универзитетот Хокаидо, Сапоро, Јапонија, Отсек за инженерство на урбанизам и екологија, Лабораторија за планирање на системи за транспорт и сообраќај, каде што успешно ја одбранува магистерската теза со наслов „Студија за евалуација и подобрување на средината поволна за употреба на велосипеди во централниот дел од градот Сапоро“. Има работено како помлад научник и менаџер на лабораторија на Универзитетот Минесота, Минеаполис, САД, како и помлад научник на Универзитетот на Тексас, Далас, Тексас, САД каде што завршува и низа обуки и тренинзи. Има и работно искуство како наставник во средно училиште.

Во декември 2011 година се запишува на **докторски студии** на Градежен факултет - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ на тема „Перспективи за примена на

немоторизираните видови на транспорт во секојдневната мобилност на граѓаните". Вработена е во редовен работен однос од 1 септември 2010 година на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како асистент на Факултетот за природни и технички науки.

***Работно искуство***

– Септ. 2010 - денес, асистент на Институт за архитектура и дизајн, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев"- Штип.
– 2009-2010, наставник во Средно училиште на Град Скопје „Владо Тасевски".
– 2008, помлад научник и менаџер на лабораторија, Department of Pediatrics, University of Minnesota, Medical School, Minneapolis, Minnesota, USA.
– 2007-2008, помлад научник, Department of Developmental Biology, Southwestern Medical Center at Dallas, University of Texas, Dallas, Texas, USA.
– 2004-2006, Консултант и проектант во ДПИС Зебра проект - Скопје, Проектирање, ревизии и консултации во областа на сообраќајот.
– 2002-2004, предавач по англиски јазик, Сапоро, Јапонија.

***Наставно-образовна и организациско-развојна дејност***

Асистент на група предмети од областа архитектура, урбанизам и проектирање на студиските програми: Архитектура и дизајн (Дизајн и технологии на ентериер и мебел, Пејзажно уредување, Просторно планирање и урбанизам, Компјутерски дизајн), Градежно инженерство (Транспортна инфраструктура), Геологија и Рударство.

***Список на објавени трудови од последниот избор до денес***

1. Michelina Iacovino, Darko Bosnakovski, Holger Fey, Danielle Rux, Gagan Bajwa, Elisabeth Mahen, **Ana Mitanoska**, Zhaohui Xu and Michael Kyba, Inducible Cassette Exchange: A Rapid and Efficient System Enabling Conditional Gene Expression in Embryonic Stem and Primary Cells", STEM CELLS 2011;29:1580–1588.
2. Александра Димоска, Ана Митаноска, Васка Сандева - Концепт за проектирање на енергоефективен индивидуален станбен објект по принципите на пасивна архитектура, Природни ресурси и технологии, ФПТН- Годишен зборник (2011).
3. Ass. Dr. Trajce Mitev, Prof. dr. Orce Spasovski, **Ass. Ana Mitanoska**, Ass. Aleksandra Dimoska- *The future-oriented solution designed for decentralized waste water treatment and reuse*, Machines, Technologies, Materials, International Virtual Journal, Year VI, issue 3.
4. Aleksandra Dimoska, **Ana Mitanoska**, Vaska Sandeva, Katerina Despot, Trajce Mitev - Constructive and shape – forming specifications on macedonian traditional architecture, XXI International Scientific conference Management and Quality.
5. Aleksandra Dimoska, **Ana Mitanoska**, Vaska Sandeva, Katerina Despot,Trajce Mitev - Integration of architectural design in the landscape, XXI International Conference for Young Researchers.
6. Васка Сандева, Катерина Деспот, Александра Димоска, **Ана Митаноска**, Анализа на композицијата и декоративна монументална скулптура во паркот „Могила" – Прилеп; Годишен зборник на ФПТН (2012).
7. V.Sandeva, K.Despot, A.Dimoska, **A. Mitanoska** (2012) -Profession of landscape architects – situation in the Republic of Macedonia and some neighboring countries –XXII International Conference for Young Researchers.
8. Katerina Despot, Vaska Sandeva, Aleksandra Dimoska, **Ana Mitanoska**, Ivica Anastasov Artistic perception angle between unpaid domestic sanitary landfills children, XXII International Conference for Young Researchers.
9. **A. Mitanoska** , A. Dimoska , V. Sandeva, K. Despot Evaluation and improvement on bicycle – friendly environment in the urban city center in a developed country (the case of Sapporo, Japan), XXII International Conference for Young Researchers (2012).

Despot, Katerina and Sandeva, Vaska and Dimoska, Aleksandra and **Mitanoska, Ana** and Atanasov, Ivica (2012) *Artistic perception angle between unpaid domestic sanitary landfills children*. In: XXII International scientific conference Management and Quality.

*Учество во стручно-апликативни проекти од областа на урбанизмот и сообраќајно планирање*

- **Основен сообраќаен проект за режим на сообраќајот на Автопат Приштина** - Нов Аеродром во должина од 10 км (технички број 28/2004).
- Проектна документација за добивање на претходна сообраќајна согласност потребна за изработка на урбанистички проект за услужен центар покрај магистралниот пат М-4 (Гостивар - Тетово), (техн. бр. 08/2005).
- Проектна документација за потреби за изработка на ДУП за блок6 - Тетово, техн.бр. 42/2005.
- Проектна документација за броење на возила и репрограмирање на сигналните планови на дваесет раскрсници во Скопје, техн.бр. 18/2006.

*Учество на научни конференции и семинари*

- 2012, XXII International Conference for young researchers, Yondola, Bulgaria.
- 2012, Септ 5-8, TERMIS World Congress on Regenerative Medicine, Vienna. "Stem cells engendered with cassette exchange system-approach to study gene gain of function" – постер.
- 2012, XXI International Conference for young researchers, Yondola, Bulgaria.
- 2004, Презентација на магистерскиот труд пред членови на Сообраќајниот оддел при Општината на градот Сапоро.
- 2003, учество во Социјалниот експеримент на Сообраќајниот оддел при Општината на градот Сапоро (Social experiment of Municipality of the City of Sapporo, Japan), во склоп на долгорочниот проект за подобра средина на граѓаните.
- 2002, Семинар за достигнувањата и проблемите во областа на патничкиот и железничкиот сообраќај во земјите од Југоисточна Азија, Јапонија, Сапоро.

*Дополнителна едукација*

- 2008, Обука за работа во средина со радиоактивни реагенси, Универзитет во Минесота, САД.
- 2008, Обука за менаџирање на Лабораторија за научно истражување, Универзитет во Минесота, САД.

*Професионални членства во здруженија*

- COST (European Cooperation in Science and Technology).
- Сојуз на Сообраќајни инженери на Македонија.

*Членство во организации и волонтерство*

- 2012/2013, член на Уписна комисија при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.
- 2011/2012, член на Уписна комисија при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.
- 2010/2011, задолжение за организирање и водење на евиденција за реализирање на задолжителна пракса за студентите од прва година на студиската програма Компјутерски дизајн на Факултетот за природни и технички науки.
- 2003-2005, Независна организација на интернационалните мајки во Сапоро, Јапонија.
- 2003-2004, организирање и работа во Студентската унија на EGPSEE (English Graduate Program in Socio-Environmental Engineering, Hokkaido University, Sapporo, Japan).
- 2003, член на Издавачкиот одбор на студентскиот весник на EGPSEE (English Graduate Program in Socio-Environmental Engineering, Hokkaido University, Sapporo, Japan).
- 2001-2003, Независно друштво на интернационалните жени во Сапоро, Јапонија-организирање и учество на средби од областа на културата и традицијата; презентирање на македонското културно наследство.

*Компјутерски познавања*

Microsoft Office, AutoCad, Adobe Photoshop, SketchUp и др.

***Странски јазици***

- Англиски – одлично.
- Јапонски – задоволително.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација, објавените научни и стручни трудови, учеството на меѓународни и домашни конгреси и симпозиуми, како и врз основа на стручната ангажираност, Комисијата заклучи дека кандидатката м-р Ана Митаноска ги исполнува сите законски критериуми за избор на асистент за научната област *архитектура, урбанизам и планирање* на Факултетот за природни и технички науки во Штип.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, **кандидатката м-р Ана Митаноска да се избере во звање *асистент* за научната област *архитектура, урбанизам и планирање* на Факултетот за природни и технички науки во Штип**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Катерина Деспот, претседател, с.р.**
**Д-р Васка Сандева, член, с.р.**
**Д-р Петар Намичев, член, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на м-р Ана Митаноска, според критериумите дадени со Правилникот за избор на наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност** (НО) | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во изборниот период) | 16x3 | 0.5 | 24 |
| **Научноистражувачка дејност** (НИ) | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Студиски престој во странство | 1 | 8 | 8 |
| *Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир во земјата:* | 1 | 1 | 1 |
| Александра Димоска, Ана Митаноска, Васка Сандев - Концепт за проектирањена енергоефективен индивидуален станбен објект по принципите на пасивна архитектура, Природниресурси и технологии, ФПТН-Годишен зборник. | | | |
| Васка Сандева, Катерина Деспот, Александра Димоска, **Ана Митаноска**, Анализа на композицијата и декоративна монументална скулптура во паркот „Могила” – Прилеп; Годишен зборник на ФПТН | 1 | 1 | 1 |
| *Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир во странство:* | | | |
| V.Sandeva, K.Despot, A.Dimoska, **A.Mitanoska** - Profession of landscape architects – situation in the Republic of Macedonia and some neighboring countries -XXII International Conference for Young Researchers | 1 | 2 | 2 |
| Aleksandra Dimoska, **Ana Mitanoska**, Vaska Sandeva, Katerina Despot, Trajce Mitev - Integration of architectural design in the landscape, XXI International Conference for Young Researchers | 1 | 2 | 2 |
| Aleksandra Dimoska, **Ana Mitanoska**, Vaska Sandeva, Katerina Despot, Trajce Mitev - Constructive and shape – forming specifications on macedonian traditional architecture, XX International Conference for Young Researchers. | 1 | 2 | 2 |
| **A.Mitanoska**, A.Dimoska, V.Sandeva, K.Despot Evaluation and improvement on bicycle – friendly environment in the urban city center in a developed country (the case of Sapporo, Japan), XXII International Conference for Young Researchers | | | |
| Katerina Despot, Vaska Sandeva, Aleksandra Dimoska, **Ana Mitanoska**, Ivica Anastasov Artistic perception angle between unpaid domestic sanitary landfills children, XXII International Conference for Young Researchers. | 1 | 2 | 2 |
| *Труд во стручно научно популарно списание:* | 1 | 2 | 2 |
| Ass. Dr. Trajce Mitev, Prof. dr. Orce Spasovski, **Ass. mr Ana Mitanoska**, Ass. Mr Aleksandra Dimoska**-** The future- oriented solution designed for decentralized wastewater treatment and reuse, Machines, Technologies, Materials , International Virtual Journal, Year VI ,issue 3 | 1 | 2 | 2 |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (САОР)** | | | |
| Член на факултетска комисија | 3 | 2 | 6 |
| **ВКУПНО ПОЕНИ ( НО +НИ +САОР)** | | | **56** |